ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 - 2120/4
Датум: 01.08.2023
Скопје

Врз основа на член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02), а во врска со точка 1. Карпошово културно лето 2023 од програмата за активностите на Општина Карпош во областа на културата за 2023 година („Службен гласник на Општина Карпош бр.25/2022, 10/2023) Одлуката за објавување на оглас за Карпошово културно лето 2023 бр. 11-2120/3 од 03.07.2023 година и Решението за формирање Комисија за реализација на програмска активност – настан Карпошово културно лето 2023 бр. 11-1166/1 од 13.02.2023 година, Комисијата за реализација на програмската активност – настан Карпошово културно лето 2023, објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС
## за реализација на Карпошово културно лето 2023

1. Целта на манифестацијата е културно и забаво анимирање на жителите од Општина Карпош во текот на летниот период. Програмата на културното лето треба да го изрази културниот и уметничкиот потенцијал на Општината, како и да овозможи содржини за забава на сите генерации.

2. Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на програмската активност е во износ од 2.000.000,00 денари и истата е предвидена во Буџетот на Општина Карпош за 2023 година.
   Вкупната предвидена финансиска рамка ќе ги покрие сите потребни трошоци, како што се: надомест за учесниците, техничка организација, реклама.

3. Право на учество за аплицирање на Јавниот оглас за Карпошово културно лето 2023 имаат сите заинересирани музичари и уметници од државата. Истите треба да достават во коверт барање до Општина Карпош со предложена програма и агенда за настанот. Кон барањето потребно е да достават:
   - Биографии или портфолио за изведувачите, односно учесниците во предложениот проект
   - Детално образложена програма за настанот
   - Агенда за настанот

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -901, 02/3055 -902*
*www.karpos.gov.mk; gradonacalnik@karpos.gov.mk*

- Детална финансиска конструкција и вкупен финансиски износ на чинење на настанот

4. Јавниот оглас се објавува во електронска форма на веб страницата на Општина Карпош.

Начин на пријавување:
Заинтересираните физички и правни лица можат да ги поднесат потребните документи до архивата на Општина Карпош.

Адреса : Општина Карпош, улица Радика бр.9, барака број 2.

Рок за пријавување: од 01.08.2023 година до 21.08.2023 година.

КОМИСИЈАТА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКАТА АКТИВНОСТ - НАСТАН КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2023